OPEN SOCIETY
FOUNDATIONS

ПРОГРАМСКИ НАСОКИ

# АКАДЕМСКИ СТИПЕНДИИ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО 2021

**ПРОГРАМИ ЗА СТИПЕНДИРАЊЕ НА ФОНДАЦИИТЕ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО**

Рок за пријавување: 22-ти јули 2020 година

# Опис на програмата

Академските стипендии за граѓанското општество - АСГО (Civil Society Scholar Awards - CSSA) поддржуваат студенти на докторски студии и факултетски кадар да работат на академски проекти кои ќе го збогатат социјално ангажираното и критичко истражување во нивните родни земји или региони.

Поради несигурноста во светот предизвикана од КОВИД-19 вирусот, оваа година охрабруваме апликации на кандидатите кои се студенти на докторски студии и факултетски кадар вработен со полно работно време да работат на истражувања кои имаат јасна врска со нивните примарни научни области, или да се фокусираат на работа која ќе овозможи завршување или објавување на дисертација или академски написи, книги, или други академски производи.

АСГО ќе даде првенство на апликации за истражувања поврзани со **одбрана од растење на авторитаризам; одржлив развој, климатско дејствување, и ублажување на ефектите од климатските промени; економска правда и работнички права; информатичка демократија; и влијанието на пандемијата КОВИД-19 врз родната земја или регионот на кандидатите**. АСГО поддржува апликации на стипендисти од областите на општествените и хуманистичките науки.

Стипендистите се избираат врз основа на нивните истакнати академски достигнувања, како и активна вклученост во нивните локални заедници, нивниот потенцијал да ги застапуваат вредностите на отвореното општество во нивните матични региони, како и нивната способност за јакнењето на критичките истражувања и академските мрежи во рамки на своите научни полиња. **Предлозите може да вклучуваат меѓународно патување, иако ова веќе не е потребно.**

## Што е ‘Отворено општество’?

Отворено општество е општество кое се темели на начелото дека никој нема монопол на вистината, дека различни луѓе имаат различни мислења и интереси, и дека постои потреба институциите да ги заштитуваат правата на сите луѓе и да им овозможат да живеат заеднички во мир. Поимот ‘отворено општество’ стана познато преку филозофот Карл Попер и неговата книга од 1945 година насловена *Отворено општество и неговите непријатели*. Општо земено, едно отворено општество се одликува со придржување кон владеењето на правото, постоењето на демократски избрана влада, разновидно и динамично граѓанско општество, и почит кон малцинствата и мислењата на малцинствата.

Во Фондациите отворено општество веруваме во работење на контроверзни теми и поддржување храбри и иновативни решенија кои се насочени кон основните причини и кои ги подобруваат системските промени. Исто така веруваме дека треба да се охрабрува критичкото дебатирање, како и почитувањето на различните мислења.

## Кој може да се пријави?

Стипендиите се отворени за следнава академска популација:

- Студенти на докторски студии од областите на општествените и хуманистичките науки кои студираат на универзитети во или надвор од својата родна земја; или
- Членови на факултетски кадар од областите на општествените и хуманистичките науки кои се вработени на полно работно време (мора да поседуваат најмалку диплома од магистерски студии), кои предаваат на универзитети во својата родна земја.
- Право на стипендија имаат само граѓаните од следните земји:

Авганистан, Албанија, Ангола, Азербејџан, Белорусија, Босна и Херцеговина, Бурунди, Камбоџа, Демократска Република Конго, Република Конго, Египет, Екваторска Гвинеја, Еритреја, Етиопија, Грузија, Хаити, Косово, Лаос, Либија, Северна Македонија, Молдавија, Монголија, Мјанмар/Бурма, Непал, Палестина, Руанда, Србија, Судан, Јужен Судан, Сирија, Свазиленд, Таџикистан, Тунис, Туркменистан, Узбекистан и Јемен.

Кандидатите кои имаат статус на постојан жител или пак имаат двојно државјанство од Австралија, Канада, Европската унија, Нов Зеланд, Нордиските земји, Обединетото Кралство или САД немаат право да се пријават.

Студенти на докторски студии, вклучувајќи ги и оние кои во моментов предаваат, мора да се пријават како студенти на докторски студии. Кандидатите кои се пријавуваат како факултетски кадар вработен на полно работно време мора да поседуваат најмалку диплома од магистерски студии, мора да предаваат на признаени институции во нивните родни земји и не смее да бидат запишани на докторски студии. Студентите и факултетскиот кадар кои се запишани на магистерски студии НЕМААТ право да се пријават.

Факултетски кадар кој се пријавува за финансирање на активности кои се одвиваат во нивните родни земји или во странство мора да имаат дозвола за отсуство од работа која ќе биде посочена во придружното писмо од нивната матична институција.

Сегашни или поранешни АСГО стипендисти кои еднаш веќе ја добиле стипендијата може да се пријават за нова стипендија во 2020 година доколку нивните предлози ги исполнуваат критериумите за пријавување на АСГО 2021.

Сегашните стипендисти кои се пријавуваат за стипендија по втор пат мора исто така да докажат дека ги исполнуваат роковите во врска работата поврзана со тековната стипендија. **АСГО стипендијата не може да се додели на исто лице повеќе од два пати**.

Програмата не дискриминира врз основа на возраст, раса, боја, пол, религија или убедување, сексуална ориентација, промена на пол, попреченост, бременост и мајчинство или брак и/или граѓанско партнерство.

За повеќе критериуми за подобност, ве молиме погледнете го документот **Најчесто поставувани прашања** кој може да го преземете тука.

## Соодветни академски области

Поддржуваме академско истражување во **која било област во рамките на општествените и хуманистичките науки**, но ќе дадеме приоритет на истражувања насочени кон сегашните општествени проблеми поврзани со следниве општи теми:

- Одбрана од растење на авторитаризам;

• Одржлив развој, климатско дејствување, и ублажување на ефектите од климатските промени;

• Економска правда и работнички права;

• Информатичка демократија;

• Влијанието на пандемијата КОВИД-19 врз родната земја или регионот на кандидатите

**Академски области кои не се прифатливи**:

бизнис администрација, обуки за менаџирање, компјутерски науки, финансии/банкарство, маркетинг, инженерство, природни науки (физика, биологија, хемија, итн.), математика, медицински науки или предавање/подучување англиски јазик како странски.

## Поддржани активности по добиен грант

АСГО поддржува краткотрајни академски проекти и завршување на дисертации во вашите родни земји или во странство. Следат примери на активности кои се прифатени:

• теренска работа (прибирање податоци);

• продолжени посети на библиотеки, архиви или универзитети во вашите родни земји или во странство со цел истражување,

• развивање на курс/наставна програма кој може да се заврши на меѓународна локација или преку интернет од вашата родна земја во соработка со факултет во странство;

• истражување што води кон рецензирана публикација;

• завршување на дисертација само за студентите од последната година на студии кои пишуваат или ќе пишуваат дисертации во нивните родни земји или во странство.

Во една година може да прифатиме само една пријава со еден истражувачки проект по лице. Ве информираме дека повеќе не земаме предвид барања за покривање на школарина.

- **Времетраење на проектот**: помеѓу 3 и 10 месеци. Проектите мора да траат најмалку 3 месеци.
- **Локација на проектот**: истражувачките активности може да се одвиваат во родната земја на кандидатот или во странство. Кандидатите се одговорни за нивниот транспорт, сместување, како и сите потребни патни дозволи (визи).
- Од правни причини во моментов не сме во можност да финансираме проекти кои се одвиваат во **Русија** или **Азербејџан**. Оние предлози во кои Русија или Азербејџан се наведени како едни од избраните меѓународни локации за истражување ќе бидат одбиени како неподобни.
- Оние предлози во кои се наведени **Соединетите Американски Држави** како една од избраните меѓународни локации за истражување мора да ги исполнат следниве критериуми:

- Доколку во моментов не сте во Соединетите Американски Држави, треба да приложите и официјална покана од институцијата домаќин, како и потврда дека институцијата домаќин е на списокот на Назначени спонзорски организации за J1 виза. Доколку не можете да го обезбедите документот до крајот на рокот за пријавување, ве молиме разгледајте го документот **Често поставувани прашања**, достапен тука, во врска вашите следни чекори.

- Сите финалисти кои ќе патуваат во Соединетите Американски Држави поради нивните АСГО финансирани истражувачки проекти мора да добијат J1 виза. Визите B1/B2 не може да се користат за оваа цел.

- **Датуми за реализација**: **1-ви март 2021 година до 31-ви декември 2021 година**

  Доколку предложениот проекти не започне и не заврши во овој временски период, истиот не е подобен.

- **Максимален износ на стипендијата: 15 000 американски долари**

  Кандидатите НЕ смее да бараат грантови за поддршка на:

  - федерални и/или државни даноци;
  - компјутерски хардвер, софтвер или друга компјутерска опрема;
  - школарина/академски трошоци;
  - присуство на конференција која не е дел од поголем истражувачки проект;
  - пријави од повеќе од едно лице;
  - хонорари за кандидатот; или
  - хонорари или други исплати кон трето лице, како на пример најмени истражувачи. Во посебни случаи, мал процент од стипендијата, не повеќе од 15%, може да се искористи за оваа цел.

Силно ги охрабруваме кандидатите да ги проверат минималните финансиски барања на земјата–домаќин за издавање виза пред да аплицираат за програмата.

Конкурсот на АСГО се основа на заслуги, и финансирањето е ограничено.

Изборот ќе се изврши врз основа на докажан академски успех, како и значајноста на проектот за развојот на отвореното општество во родната земја на кандидатот. Приоритет ќе имаат апликациите насочени на една од петте широки области опишани погоре.

Избраните кандидати може да бидат поканети да присуствуваат на конференција на која ќе треба да земат учество во периодот додека трае грантот. Трошоците за патување и сместување за овој настан ќе бидат покриени од страна на АСГО.

## Потребни документи

Сите кандидати треба да ги имаат следниве документи. Документите кои се потребни за членовите на факултетскиот кадар и студентите на докторски студии се различни.

Сите кандидати:

1. Пополнета пријава;
2. Ажурирана кратка биографија (CV);
3. Копија од страниците од вашиот пасош(и) каде се наведени податоците за ваша идентификација;
4. Скенирана копија од тековната официјална транскрипција од вашите студии (кандидати за докторски студии) или пак конечната транскрипција од дипломата со највисок ранг која ја имате (за кандидати кои се дел од факултетскиот кадар и кандидати кои се студенти на прва година на докторски студии); и
5. **Покана** од член на факултетски кадар или пак член на администрација со повисок ранг во институцијата каде ќе се одвива вашето истражување, доколку е релевантно (*скенирана и прикачена за пријавата*).

**Кандидатите за докторски студии** мора исто така да поднесат и:

- **Официјално писмо од вашата академска институција** која потврдува дека сте се запишале, наведува во кој оддел и до кој датум се очекува да завршите (скенирана верзија прикачена за пријавата);
- **Лична препорака од академски граѓанин или професионалец од вашата област во вашата родна земја** во која ќе се наведат вашите достигнувања, идни стремежи и поврзаноста со вашата родна земја (скенирана верзија прикачена за пријавата);
- **Академска препорака** од вашето академско претпоставено лице кое го поддржува истражувањето за кое барате финансии. Претпоставените лица треба исто така да потврдат дали ќе биде потребно одобрување од институционален ревизорски одбор/етичка комисија пред да се одвие активноста (скенирана верзија прикачена за пријавата).

**Кандидати кои се дел од факултетскиот кадар** мора исто така да поднесат и:

- **Официјално писмо од институцијата во која сте вработени** во кое се потврдува вашиот статус како член на наставниот кадар и во кое писмо се дозволува вашето времено отсуство (скенирана верзија прикачена за пријавата);
- **Академска препорака** од колега со повисок ранг и од вашата област кој има директни познавања од вашата работа и предложената истражувачка тема (скенирана верзија прикачена за пријавата).

**Забелешка**: Доколку не доставите еден или повеќе од наведените документи, вашата пријава ќе се смета за нецелосна и ќе бидете дисквалификувани. За повеќе информации ве молиме да го погледнете документот **Најчесто поставувани прашања**, кој е достапен тука.

**Сите препораки МОРА да вклучуваат целосно име, електронска пошта и број за контакт на лицето кое ја дава препораката**.

# Како да се пријавите

## Краен рок за пријавување: 22-ри јули 2020 година во 23:59 часот (источно време)

Заинтересираните кандидати мора да пополнат и поднесат АСГО пријава. **Силно се охрабрува пријавување преку интернет.**

### Пријавување преку интернет

Сите кандидати се охрабруваат да се пријават преку интернет. За да се пријавите преку интернет, ве молиме кликнете го овој линк, а потоа следете ги упатствата.

### Пријавување во печатена верзија

На овој линк може да најдете печатена верзија од пријавата која може да се печати или пак стапите во контакт со една од локалните административни канцеларии (види подолу).

Ве молиме доставите само една пријава, или преку интернет ИЛИ во печатена верзија, до **22-ри јули 2020 година**.

*Во моментов не можеме да примаме апликации испратени преку пошта*.

Доколку едно исто лице испрати две или повеќе апликации, комисијата ќе ја разгледа само првата апликација која ФОО ќе ја прими.

**Сите кандидати ќе бидат известени за резултатите во врска нивната пријава преку електронска пошта до крајот на октомври 2020 година**.

Локална партнерска организација за Северна Македонија:
Младински образовен форум, ул. Дренак 34 А, 1000 Скопје
Тел: + 389 3139 692
Веб страна: www.mof.mk
Лице за контакт: Бојана Низамовска, прогрмаски директор
bojana_nizamovska@mof.org.mk